**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ЧЕТИРИЕСЕТ И ПЕТТАТА
## седница на Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 27.10.2020 година

**СКОПЈЕ, ОКТОМВРИ 2020 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Четириесет и петтата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 27.10.2020 година**

Седницата започна во **13:40 часот**.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба - **Тони Бојковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Претставници од општинската администрација и претставник на подносителот на материјалот предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Четириесет и четвrттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Четириесет и четвrттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **19 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, со следните предлози за **дополнување** на предложениот дневен ред:

1. Согласно извештајот на комисијата за општествени дејности бр.09-3638/2 од 27.10.2020 година, се предложи дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**3**. Предлог - Правилник за изменување на Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката **"3"** беше ставен на гласање и усвоен со **20 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека предложената точка "3" е составен дел на предложениот дневен ред.

2. Согласно извештајот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина бр.09-3637/2 од 27.10.2020 година, се предложи дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**4**. Предлог - Одлука за ослободување на инвеститорот - Општина Гази Баба од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште, за КП 2190/1 КО Сингелиќ - 1.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката **"4"** беше ставен на гласање и усвоен со **20 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека предложената точка "4" е составен дел на предложениот дневен ред.

3. Согласно извештајот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина бр.09-3637/2 од 27.10.2020 година и извештајот на комисијата за финансии и буџет бр.09-3590/2 од 27.10.2020 година, се предложи дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**5**. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на развојна програма за капитални инвестиции за набавка на возила за одржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за период 2020-2021 година.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката **"5"** беше ставен на гласање и усвоен со **20 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека предложената точка "5" е составен дел на предложениот дневен ред.

4. Претседателот на советот го информираше советот за писмено барање од Синдикалната организација на Општина Гази Баба при Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓани на Република Македонија - УПОЗ и Основна синдикална организација на Општина Гази Баба при Синдикатот на администрацијата и државната управа на Македонија, бр.09-3639/1 од 22.10.2020 година за исплата на надомест за годишен одмор и јубилејна награда на општинската администрација за 2020 година.

Поради изнесеното, предложи дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**6**. Предлог - Заклучок за прифаќање на барањето за исплата на надомест за годишен одмор и јубилејна награда на општинската администрација за 2020 година.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката **"6"** беше ставен на гласање и усвоен со **20 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека предложената точка "6" е составен дел на предложениот дневен ред.

Предлози за **изменување** на предложениот дневен ред:

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Предложи точката 6 да се разгледува како точка 1 а точките редоследно од 1 - 5 да се разгледуваат како точки редоследно од 2 - 6.

Предлогот за изменување на предложениот дневен ред, точката "6" да се разгледува како точка "1" а точките редоследно од "1 - 5" да се разгледуваат како точки редоследно од "2 - 6", беше ставен на гласање и усвоен со **19 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека предложенат точа "6" ќе се разгледуваат како точка "1" а точките редоследно од "1 - 5" ќе се разгледуваат како точки редоследно од "2 - 6".

За работата на седницата со **20 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Заклучок за прифаќање на барањето за исплата на надомест за годишен одмор и јубилејна награда на општинската администрација за 2020 година;
2. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за третото тримесечје од 2020 година;
3. Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година;
4. Предлог - Правилник за изменување на Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес;
5. Предлог - Одлука за ослободување на инвеститорот - Општина Гази Баба од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште, за КП 2190/1 КО Сингелиќ - 1; и
6. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на развојна програма за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за период 2020-2021 година.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за прифаќање на барањето за исплата на надомест за годишен одмор и јубилејна награда на општинската администрација за 2020 година.**

Претседателот на статутарно-правната комисија - **Александар Трајковски**, поднесе извештај од **дополнително** одржаната седница на комисијата на 27.10.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, членовите на советот: Милица Бубало (коалиција предводена од СДСМ), Андреа

Најденовски (коалиција "За подобра Македонија"), Александар Трајковски (коалиција "За подобра Македонија"), Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ), Дејан Димитровски (коалиција предводена од СДСМ) и претставникот од општинската администрација - Васко Апостоловски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за прифаќање на барањето за исплата на надомест за годишен одмор и јубилејна награда на општинската администрација за 2020 година, со **11 гласа "ЗА" и 7 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Претседател на совет - **Тони Бојковски**:

Во врска со донесениот заклучок, побара писмена информација од Градоначалникот до советот на општината, дали е постапено согласно донесениот заклучок.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за третото тримесечје од 2020 година.**

Претседавачот со седницата на комисијата за финансии и буџет - **Андреа Најденовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 27.10.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за третото тримесечје од 2020 година, со **19 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година, со **19 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Правилник за изменување на Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес.**

Претседавачот со седницата на комисијата за општествени дејности - **м-р Живко Белчев**, поднесе извештај од седницата одржана на 27.10.2020 година.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Во име на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата "За подобра Македонија" најави поднесување на амандман на текстот на Предлог - Правилникот за изменување на Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски:**

Известен од стручната служба дека по однос на оваа точка е поднесен **1 (еден) амандман**, и тоа амандман бр.09-3678/1 од 27.10.2020 година, поднесен од членот на советот - Александар Трајковски (коалиција "За подобра Македонија"), ја започа амандманската расправа.

***АМАНДМАНСКА РАСПРАВА***

**А М А Н Д М А Н**
(**бр.09-3678/1 од 27.10.2020 година**)

Претседателот на Советот го покани предлагачот да го образложи поднесениот амандман.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Го образложи поднесениот амандман бр.09- 3678/1 од 23.01.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по поднесениот амандман, никој не се јави за збор, го заклучи претресот и амандманот го стави на гласање.

Советот го усвои амандманот бр.09- 3678/1 од 23.01.2020 година, поднесен од членот на советот - Александар Трајковски (коалиција "За подобра Македонија"), со **18 гласа "ЗА"** со што амандманот стана составен дел на текстот на Предлог-Правилникот за изменување на Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Правилникот за изменување на Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес (со амандманот како негов составен дел), со **18 гласа "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за ослободување на инвеститорот - Општина Гази Баба од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште, за КП 2190/1 КО Сингелиќ - 1.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **Андреа Најденовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 27.10.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: м-р Живко Белчев (коалиција "За подобра Македонија") и претставникот од општинската администрација - Васко Апостоловски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за ослободување на инвеститорот - Општина Гази Баба од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште, за КП 2190/1 КО Сингелиќ - 1, со **18 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на развојна програма за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за период 2020-2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на развојна програма за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за период 2020-2021 година, со **17 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Тони Бојковски ја заклучи Четириесет и петтата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **15:30 часот**.

**Број 09-3817/2**
**од 13.11.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

* аудио записот од седницата е составен дел на записникот